# Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/20
Скопје, 6 април 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**<u>С К О П Ј Е</u>**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Триесет и шестата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 април 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 април 2020 година.

1. Го разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се воведат порестриктивни забрани за движење на населението на територијата на Република Северна Македонија и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, заклучи:

   1.1. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден, како и се забранува движење на населението почнувајќи од 16.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник

   1.2. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија со возраст над 67 години, од понеделник до петок во временски период од 12.00 часот до 10.00 часот наредниот ден.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

1.3. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија со возраст до 18 години, од понеделник до петок во временски период од 15.00 часот до 13.00 часот наредниот ден.

1.4. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани собирање во група на повеќе од две лица, во паркови и на други јавни места и површини, а лица помлади од 14 години кои се во придружба на родител кој е дел од групата не се вбројуваат.

1.5. За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, дозволи сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), од понеделник до петок да може да ги изнесуваат надвор од своите домови, во вечерните часови во времетраење од 30 минути, почнувајќи од 20.00 часот до 20.30 часот, а во деновите сабота и недела, наутро од 8.00 часот до 8.30 часот, попладне од 15.00 часот до 15.30 часот и во вечерните часови од 20.00 часот до 20.30 часот, најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат.
Притоа, граѓаните да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.

Согласно ова, Владата донесе:

- Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија и
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење Коронавирус COVID-19 (изменувањето е инкорпорирано и составен дел на Одлуката од точка 12 од Дневниот ред на оваа седница).

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, **на подрачјето на Градот Скопје, за вработените лица кои работат во овие институции и фирми, а живеат надвор од подрачјето на градот Скопје и патуваат секојдневно на работа, работодавачот да ги упати овие лица на задолжителна работа од дома, без физичко присуство на работното место за време на вонредната состојба.**

3. Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, во насока работното време да го прилагоди согласно забараната за движење, која се смета за донесена на оваа седница на Владата.

   Согласно ова, се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, **да го прилагодат работното време за административните и јавните службеници, односно истите да завршат со своите работни задачи и активности, со цел пред почетокот на забраната за движење на територијата на Република Северна Македонија, односно пред 16.00 часот да можат да бидат во своите домови.**

4. Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви план за работа и организација на сите јавни и приватни здравствени установи, како и аптеките во општините на територијата на Република Северна Македонија.

5. Владата ги задолжи Општинските кризни штабови да определат економски оператори/и – маркет/и од каде ќе се обезбедуваат само најнеопходните намирници, согласно приоритетните барања на граѓаните за време на забраната за движење на територијата на Република Северна Македонија, а економските оператори кои се регистрирани да вршат достава на храна преку он-лајн порачки, непречено да ја извршуваат својата работа за време, во деновите сабота и недела.

   За оваа цел, се задолжуваат Општинските кризни штабови, во соработка со Министерството за внатрешни работи да го организира движењето на лицата волонтери што ќе ги доставуваат најнеопходните намирници до домовите на граѓаните.

6. Економските оператори што имаат производствени капацитети да го прилагодат своето работно време согласно забраните за движење на територијата на Република Северна Македонија и непречено да го организираат работниот процес.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

7. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделските лица и фармери кои работат и се движат во атарот на руралните средини и оние кои одгледуваат раноградинарски култури и имаат неодложни активности за одгледување на истите во овој период, млеко производителите, како и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.“

**Прилог:**

- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Снежана М.Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 6 април 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
06-04-2020
44-2282/20

Архивски број: СП-80/20

**З А П И С Н И К**

**од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 април 2020 година**

На 6 април 2020 година (понеделник), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеа раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и заменикот на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на престедателот на Владата на Република Северан Македонија и министер за одбрана.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на престедателот на Владата на Република Северан Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

На состанокот присуствуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Златко Ветеровски, претставник од Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Бљерим Кољали, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, д-р Ирена Сотирова Бухова, директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, д-р Жарко Караџоски, епидемиолог од Институтот за јавно здравје и д-р Христијан Косотов, директор на Градска Општа Болница 8-ми Септември во Скопје.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваа м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи и м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

Точка 1: Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

Точка 2: Прашања и предлози

*

*   *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

По однос на точката 1 од Дневниот ред, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Исто така, тој ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за извршената посета во болниците во Охрид и Струга од страна на заменикот на министерот за здравство, Арменд Арслани.

Воедно, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица дека во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е подготвена предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба со која се уредува користењето на правото на дијагностицирање и лекување од Коронавирус COVID-19 за осигурениците на кои им се ускратени правата од задолжителното здравствено осигурување, како и

на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување заради поуспешно совладување на епидемијата.

Претставникот од Институтот за јавно здравје, д-р Жарко Караџоски ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за текот и прогресот на активностите на Институтот за јавно здравје и разговорите во Комисијата за заразни болести, како и потребата од разгледување на можностите за заострување на мерките од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Притоа, д-р Жарко Караџоски го презентираше предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во однос на потребата по примерот на забраната за движење за време на викендите во подрачјето на општина Куманово, истата мерка да биде применета и за подрачјата на општините Прилеп, Штип, Струга, Тетово и Гостивар, во временски период од петок од 16.00 часот до понеделник до 5.00 часот и ја образложи потребата од негово прифаќање од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Директоторот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, д-р Ирена Сотирова Бухова, ги информираше членовите и другите присутни лица на Главниот координативен кризен штаб дека овој викенд се спроведени ненајавени вонредни инспекциски надзори во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, особено на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје, а исходот од спроведените инспекциски надзори е околу 98% констатирана правилна употреба на протоколите на Министерството за здравство, односно констатирано е правилно спроведување на протоколите и нивоата на заштита и заштитна опрема на медицинскиот персонал.

Директорот на Градската Општа Болница 8-ми Септември во Скопје, д-р Христијан Косотов, ги информираше членовите и другите присутни лица на Главниот координативен кризен штаб за текот на активностите во функција на имплементирање и спроведување на протоколите на Министерството за здравство, како и нивото на спремност на сите ресурси, медицинска опрема, медицински кадар и останатите

капацитети на Градската Општа Болница 8-ми Септември, во функција на спречување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, укажа на потребата Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да ги разгледа можностите и начинот на организација што треба да биде воведен за време на претстојните верски празници кои следат за две недели во Република Северна Македонија.

Заменикот на престедателот на Владата на Република Северан Македонија, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, укажа на потребата Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да ги разгледа можностите и да размислува за воведување на целосна забрана за движење на териоријата на Република Северна Македонија во период од две недели и за истото да достави соодветен предлог за разгледување до Владата на Република Северна Македонија.

Од страна на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, на членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица беше презентиран Прегледот на воведени мерки во 27 земји членки на Европската Унија, како и во Велика Британија, во функција на спречување на ширење на Коронавирус COVID-19.

Директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку до членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица го достави на разгледување и го образложи Списокот со потреби и проблеми за решавање во кризните подрачја во општините Дебар и Центар Жупа.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

1. Државниот санитарен и здравствен инспекторат, да продолжи континуирано со вршење на вонредни ненајавени инспекциски надзори во сите здравствени установи на територијата на Република Северна Македонија, за тоа дали е набавена и имаат соодветна заштитна опрема, дали се почитуваат наредбите и протоколите од Министерството за здравство, особено во делот на задолжително носење на заштитна опрема за време на извршување на работата, дали здравствените работници се информирани со протоколите на Министерството за здравство и доколку се констатирани непочитувања од страна на здравствените работници, истите и директорите на јавните здравствени установи да бидат соодветно санкционирани.

2. На наредната седница на Владата да се разгледа предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, односно по примерот на забраната за движење за време на викендите во подрачјето на општина Куманово, да се воведе истата мерка и за подрачјата на општините Прилеп, Штип, Струга, Тетово и Гостивар, во временски период од петок од 16.00 часот до понеделник до 5.00 часот.

3. На наредната седница на Владата, да се разгледа предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба, подготвена од страна на Министерството за здравство, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, со која се уредува користењето на правото на дијагностицирање и лекување од Коронавирус COVID-19 за осигурениците на кои им се ускратени правата од задолжителното здравствено осигурување, како и на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување заради поуспешно совладување на епидемијата.

4. Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да ги разгледа можностите и начинот на организација што треба да биде воведен за време на претстојните верски празници кои следат во период од наредните две недели во Република Северна Македонија и да достават соодветен предлог за разгледување до Владата на Република Северна Македонија.

5. Министерството за здравство да определи една здравствена институција во која ќе се вршат систематски здравствени прегледи по претходно закажување во одредени термини и со почитување на протоколите на Министерството за здравство.

6. На предлог на д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во однос на потребата и барањата за давање на дозволи за движење за работа на поле од страна на земјоделци кои претходно биле спроведени и завршиле со периодот на задолжителен државен карантин, а се во период од дополнителни 14 дена во самоизолација, на наредната седница на Владата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за здравство да дадат соодветен предлог, со цел заземање став во однос на ова прашање.

7. Го разгледа и прифати Барањето доставено од Општина Куманово, под бр. 03-2266 од 5.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика, со цел да се определи директорот на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во Куманово да се вклучи во работата на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

8. **Го разгледа повторното барање доставено од Цементарница „УСЈЕ“ АД за постапување во услови на вонредна ситуација и издавање на решение за еднократен простор за привремениo чување на стока под царински надзор, под бр. 03-398 од 3.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување на Царинската управа на Република Северна Македонија, во насока на дефинирање на посебен царински склад за складирање на оваа стока и под посебен видео надзор и контрола од Царинската управа.**

*

* *

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*   *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТЕСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска Јанковска**